Република Македонија

Министерство за локална самоуправа

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 09-1529/1
02.11.2015 год.
СКОПЈЕ

. До

________________________________

Предмет: **Повик за аплицирање на проекти за учество на „Избор на најиновативен проект за рамномерен регионален развој“**

Врз основа на Програмата на Владата на Република Македонија 2014-2018 политиките на Владата на Република Македонија и во следниот период ќе бидат насочени кон рамномерен регионален развој и унапредување на сите региони во земјата. Ќе продолжи да се спроведува Стратегијата за рамномерен регионален развој на Република Македонија во осумте плански региони (Вардарски, Источен, Југозападен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски). Советот за рамномерен регионален развој ќе продолжи да има значајна улога како промотор на партнерство помеѓу регионите/општините и Владата, и во рамки на којшто ќе се координира искористувањето на средствата од сите секторски програми наменети за планските региони и општините. Ќе се продлабочува поддршката на единиците на локалната самоуправа кон поттикнување на локалниот развој и создавање на услови за поактивна, поефективна и поиновативна улога на локалните власти во остварувањето на националните цели за раст и развој.

Со ова ќе се обезбедат предуслови за идентификување и искористување на потенцијалот за иновации, ќе се овозможи поттикнувањето на економскиот развој да биде преку иновативни проекти со што ќе се подига конкурентноста на регионот и на државата во целина.

За обезбедување на рамномерен регионален развој и поттикнување на иновативни пристапи во реализирањето на политиката на ниво на планските региони, меѓу другото ќе се

реализира и проектот за **„Избор на најиновативен проект за рамномерен регионален развој"** како поддршка за апликативни проекти со иновативен пристап. Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој. Во таа насока Ве повикуваме да аплицирате со **по два проекти од плански регион** кои во досегашниот период беа финансирани од Програмите за рамномерен регионален развој на Министерството и на Бирото во период 2009-2015. Изборот на проекти треба да го направите и да ги доставите до контакт лицето од Министерството за локална самоуправа Звонко Зафировски zzafirovski@gmail.com и на адресата на Министерството со назнака за учество во изборот за најиновативен проект (бул. Св. Кирил и Методиј бр.54 Скопје) во рок од вкупно седум дена вклучувајќи го и денот на добивање на известувањето и поканата за аплицирање.

Со почит,

**МИНИСТЕР,**
М-r Lirim Shabani

Подготвил:Јасмина Хот
Проверил:Naser Muaremi
Одобрил:Славица Јакимовска
Согласен:Државен секретар
М-р Билјана Цветановска Гугоска